МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

Магистерски труд

„ Државјанството како инструмент на меѓународното право,компарација на други државјанства во светот “

Ментор:
Проф.д-р Оливера Крстевска

Кандидат:
Цветко Наумовски

Бр.на индекс:197002

Свети Николе

2020

Содржина

Апстракт 4

Вовед 6

Глава 1- Поим и дефинирање на државјанството 8

1.1 Правна природа и историски развиток на државјанството 10

1.2 Државјанство во внатрешно и меѓународно право 13

1.3 Државјанство на физички лица и промена на суверенитетот на територијата 16

1.4 Извори на правото за државјанството во Р. Македонија 17

1.5 Конвенција за државјанство 18

1.6 Толкување на законот за државјанство на Република Северна Македонија 20

Глава 2-Принципи на стекнување државјанство 27

2.1 Брачна врска како релевантен фактор за стекнување на државјанство 28

2.2 Апатриди, бипатриди и полипатриди 29

Глава 3-Начини на стекнување на државјанство во Република Македонија 30

3.1 Постапки за стекнување државјанство на РМ 34

3.2 Признаени бегалци и лица без државјанство 42

3.3 Начини на стекнување на државјанство во Република Македонија 44

Глава 4- Други видови стекнување и видови државјанство 45

4.1 Стекнување државјанство во сојузни држави 45

4.2 Начини на стекнување на државјанство во други земји 45

4.3 Видови на државјанства 46

4.4 Препознавање и заштита на лица без државјанство 47

4.5 Двојно државјанство 48

Глава 5- Државјанства на други држави 50

5.1 Државјанство на Република Србија 51

5.2 Државјанство на Република Бугарија 66

5.3 Државјанство на Република Русија 80

Заключок 96

Користена литература: 98

Апстракт

Државјанството во основа има обележје на правна категорија која се однесува на луѓе кои припаѓаат кон една државна заедница, а со себе повлекува права но и обрврски. Тоа настанало во период кога веќе имаме оформување на првите држави, и претставува привилегија за еден народ или заедница или поединци.

Голем број држави во светот, на државјаството гледаат како на нешто што ги разликува од луѓето на други држави. Токму од тие причини процедурите за добивање на државјанство од држава во држава се разликуваат од критериумите кои се пропишани со законодавството на соодветна држава.

Државјанството претставува едно од основните човекови права и од него произлегуваат голем број поволности. Така ако немаме државјанство во некоја од западните земји не можеме да работиме во тие земји. Процедурите се многу сложени за добивање на државјанство во најразвинеите земји од проста причини зашто многу луѓе едноставно сакаат да се отселат или пак да живеат и работат во некоја од западните земји, САД, Канада, Австралија , Нов Зеланд и слично.

Клучни зборови: државјанство, држави, народ, права, привелегии, постапки, начини, процедури.

Abstract

Citizenship basically has a legal category mark that refers to people belonging to a state union, and with it entails rights and obligations. It occurred at a time when we already have the formation of the first states, and it is a privilege for one nation or community or individuals.

A number of countries in the world see the statehood as something that distinguishes them from people of other countries. It is for these reasons that the procedures for obtaining citizenship from a country to state differ from the criteria prescribed by the legislation of the respective country.

Citizenship is one of the fundamental human rights and many benefits come from it. So if we do not have citizenship in any of the western countries, we cannot work in those countries. Procedures are very complex for obtaining citizenship in the most developed countries for simple reasons because many people simply want to leave or live and work in some of the western countries, the United States, Canada, Australia, New Zealand and the like.

Keywords**:** citizenship, states, people, rights, privileges, procedures, ways, procedures.

Вовед

Секоја држава ја регулира областа на приватното право на нејзините граѓани со давањето на право на државјаните кои се родиле и живеат во неа. Исто така, со правото на државјанство може да се стекнат и оние лица кои гинисполнуваат законстките процедури на една земја, па и конкретно речено на нашата држава Република Македонија.

Сите ние кои сме државјани на некоја држава обично ги земаме здраво за готово правата и обврските кои за нас произлегуваат од држајанството. Повеќето од нас се во можност да ги запишат децата во училиште, да побараме лекарска помош кога сме болни, да се пријавиме на натпревар за работа, кога мораме да гласаме на парламентарни избори.

Чувствуваме дека имаме своја улога во државата во која живееме, да припаѓаме на нешто значително поголемо од нас самите. Без државјанство лицето не може да гласа на избори во државата во која живее, не може да поднесе барање за издавање на патни документи, не може да склучи брак. Лицата без државјанство кои се наоѓаат надвор од државата на потекло или бившо постојано престојувалиште, понекогаш можат да бидат и подолго време задржани во прифатилишта за незаконски мигранти од затворен тип. На поединците кои не можат да докажат правна поврзаност со државата често им се ускратени и најосновните човекови права, како што се право на образование, медицинска помош и вработување.

Регулирањето на државјанството е од исклучително значење како за државата, така и за поединците. Тоа е појдовна основа за креирање на социјална, економска и политичка состојба на нејзината територија, на која државјаните истваруваат најширок спектар на граѓански права загарантирани со највисок правен акт.

Според таа правна и политичка содржина, државјанството се разликувало во разни епохи на општествено политичкиот развој. Поединецот во апсолутистичките системи бил само поданик, односно објект на државната власт, додека во граѓанските демократски друштва тој станува граѓанин и добива и формални права. На европскиот континент Големата француска револуција, заедно со рушењето на стариот режим,

изразот поданик го заменила со изразот граѓанин и со тоа го осветлила патот кон сфаќање на поимот државјанство.

Правната теорија настојува да ги дефинира принципите според кои државите се раководат при уредување на ова прашање. Во реалноста нема изедначување, бидејќи секоја држава суверено одлучува кој и под кои услови може да стане државјанин и како може тоа државјанство да му престане. Можат да се издвојат принципите за стекнување државјанство, како што се крвна врска, место на раѓање, престојување, брачна заедница и друго, при што скоро и да нема земја која не ги комбинира.

Во овој труд ќе се обидеме да ги разработиме тематските целини за државјанството како правна категорија која е регулирана со највисокиот законски документ на државата, а тоа е Уставот на Република Македонија. Во него декларативно се наведени дел од правата кои произлегуваат за државјанството. Поконкретно тоа е регулирано со посебен законски акт, а тоа е Законот за државјанство кој во Република Македонија беше донесен во текот на 1992 година. Тој е дел од основните закони во нашата држава кој се однесува на регулирањето на правото на државјанство.

Исто така, ќе ги разработиме државјанствата на неколку држави, како: Република Србија, Република Бугарија и Република Русија. Ќе видиме кои се нивните услови за здобивање со државјанство, ќе ги толкуваме нивните закони за државјанство, со цел да направиме компарација со нашиот закон за државјанство.

Глава 1-Поим и дефинирање на државјанството

Поимот државјанство, етимолошки има корени од латинскиот јазик, а генерално означува врска помеѓу државата и поединецот. Државите меѓусебно се разликуваат во однос на појмовното одредување на државјанството, а дистинцијата се темели на разликата помеѓу персоналното и територијалното важење на правниот поредок.

Во државите кои го примиле римското право, државјанството претставува правен статус на поединецот. Статусот повлекува одредени права и должности кои се независни од волјата на поединецот. Уште од средниот век, во земјите со контитентален правен систем, се провлекува мислата дека слободен човек со себе го носи и своето право. Од друга страна, во англосаксонски држави, државјанството претставува територијална врска помеѓу физичко лице и државата.

Најголем број на човекови права кои се гарантирани со устав, ги уживаат сите граѓани како дел од одредена општествена и државна заедница. Во групата на човековите права постојат некои права и слободи кои ги уживаат само државјаните на конкретната државна заедница, па поради тоа е важно да се види на кои начини во уставите се уредува државјнаството и какво влијание има статусот на државјанин на човековите права.

Поимот државјанин има две значења. Во првото значење поимот државјанин одредува припадност на поединци на конкретна државна заедница, а по второто значење ни одредува лице, кое е начелно сведено на политички права. Уставно правно гледано, двете функции имаат големо значење.

Правото на државјанство се гарантира со декларација на Организацијата на Обединетите нации (член 15) каде се прокламира правото на секој човек на едно државјанство и каде се забранува секое замоволно одземање на државјанството како и ускратување на правото на државјанство, а во него се содржани одредбите и правото на секое дете за стекнување на државјанството. Сите меѓународни документи имаат за цел гарантирање на правата на едно државјанство со цел да се избегне можност некои лица

да бидат бипатриди (лица кои имаат двојно државјанство) или апатриди (лица без државјанство)[1].

Според дефиницијата ,државјанството е збир на определени овластувања и задолженија кои се воспоставуваат помеѓу државата и оние поединци што се припадници на определена државна заедница.

Државјанството кај нас е регулирано како со Меѓународното приватно право така и со национален закон. Законот за државјанство е донесен 1992 година. Според македонскиот речник, државјанство значи припадност кон определена држава. [2]

Значи, државјанството е правна врска помеѓу одреден субјект и државата. Во рамките на националното уредување и меѓународни стандарди не постои единствен систем во меѓународното право по прашањето за условите за начинот и губењето на државјанството. Кога странец е субјект во некој правен однос, тоа иницира низа прашања, од тоа кој орган е меѓународно надлежен, а што во формална смисла кореспондира со достапност на некое приватно право кое го одредува странецот, во правец на меродавно право за одреден приватноправен однос со елементот на странско[3].

Државјанството е важна врска (однос) врз чија основа се одредува припадност на едно лице на една држава[4]. Припадноста на лицето на одредена држава преку јавно правна положба во рамките на државјанството, претставува врска која лицето ја остварува кон државата во однос на политички, приватни, културни, економски и други права. „Државјанството е припадност на поединец, домашен државјанин, одреден со државно правен поредок, кој од една страна, се гледа во обврските кои ги има кон неа, а од друга страна, во тоа што е формално правно му се достапни сите права кои тој правен поредок ги познава, при што некои се стекнуваат автоматски, а други по општи услови еднакви за сите.“[5]

Суштински однос се остварува преку постоење на однос во кој одредено лице се идентификува според државата. Обемот на правата и обврските кои му ги дава државата, се гарантирани со највисоки уставно правни и меѓународни документи.

[1] Бреоња, Б., Право на државјанство, Загреб 2015
[2] http://www.mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=127&Itemid=543&lang=mk
[3] Bulic, F., Sticanje I gubitak drzavjanstva u Srbiji u pogledu stranaca, Beograd, 2007
[4] Varadi, T., Medjunarodno privatno pravo, Beograd 2012
[5] Vodinelic, Uvog u gradjansko pravo, Beograd 2007

Секоја држава по прашањето на доделување државјанство суверено се однесува кон тој проблем и самостојно го уредува, не постои единствена инификација за решавање на ова прашање.

Основна содржина на проблемот е кога во рамките на стекнување на државјанство се појавува странски елемент кој како меродавно право ќе се примени во конкретниот случај. Лицата кои немаат статус на домашни државјани, без разлика дали се странски државјани или апатриди се нарекуваат странци. Положбата на странците во минатото била изразено неповолна. Во робовладетелскиот период не им бил доволен брак со домашен државјанин, немале право ниту можеле да стекнуваат имотни права, им бил забранет пристап до домашни судови. Слична ситуацијата била и во времето на феудализмот иако во тој период дошло до благо подобрување на нивниот статус, што радикално е променето со француската револуција.

1.1 Правна природа и историски развиток на државјанството

Како посебен правен однос помеѓу поединецот и државата, државјанството започнува да се уредува кон крајот на 18 и почетокот на 19 век и тоа со нормите на граѓанско право. Посебни одредби за државјанството се содржеле во францускиот Граѓански законик од 1804 година, во австрискиот законик од 1811 година. Нормирањето на државјанството со посебен закон следувало како резултат на сфаќање на државјанството како јавно правен однос и напуштање на сфаќањата за државјанство како приватно правен однос, иако и денес има земји во кои материјата на државјанство се содржи во граѓанскиот законик.

Во поединечни земји нормите кои се однесуваат на државјанството се наоѓаа во законите кои ја регулираат граѓанската материја, на пример во Белгија. Поради својата важност оваа материја се сведува и во уставно правни прашања и во многу земји, одредбите за државјанството се содржани и во уставите, како што е случај со Уставот на Либиската Арапска Република од 1951 година, Уставот на Нигерија од 1963 година, Уставот на Република Уругвај ид 1967 година[6].

[6] Упоредни и историјски поглед на принципе стицања и престанка државјанства, МУП Србија, 2016

Посебноста и важноста на правната врска која врз основа на државјанството се создава помеѓу поединец и држава, наметнува потреба за нејзино темелно и прецизно правно тегулирање. Затоа во рамките на секоја држава се создаваат посебни правни правила по чиј пат, државата, секоја за себе, самостојно регулира според сопствено сфаќање и наоѓање, општи и посебни прашања за државјанството, а посебно оние од кои зависи кои лица и под кои услови ќе ги смета за свои државјани, односно под кои услови поединечни лица престануваат да бидат нејзини државјани.

Поимот државјанство, треба да се разликува од поимот националност. Националност означува припадност на поединецот кон одреден народ. Секој народ има свои сонародници кои не мора да имаат сите исто државјанство. Националноста е етнички поим и со него се креира однос кој е траен по својот карактер.

Трите основни карактеристики на државата се населението, територијата и границите. Овде не интересира само населението и тоа неговата поврзаност со државата. За да ја дознаеме поврзаноста помеѓу државата и лицата кои што живеат во неа, потребно е да знаеме многу фактори и институти кои штои влијаат на таа поврзаност.

Еден таков институт е **државјанството** којшто представува многу значаен феномен како за државите, така и за меѓународната заедница воопшто. Државјанството кај нас е регулирано како со Меѓународното приватно право така и со национален закон Законот за државјанство донесен од страна на Собранието на Република Македонија во 1992 год.

За да дојдеме до поимот за државјанство потребно е прво да ја знаеме неговата правна природа. Има група на автори кои што сметаат дека државјанството е договор помеѓу поединецот и државата, и тоа адхензионен договор, каде што условите ги диктира државата а поединецот само волево ги прифаќа, меѓутоа оваа сфаќање не е издржано и е побиено од страна на Маркс. Има уште едно сфаќање коешто тврди дека државјанството е политичка и духовна врска помеѓу поединецот и државата, меѓутоа и оваа сфаќање не е издржано затоа што се смета дека поимите политичка и духовна се неодредени.

Па така на крај група на автори сметаат дека државјанството е правна и политичка врска помеѓу поединецот и државата, од која што врска произлегуваат права и обврски за самиот поединец. Тоа е правна врска затоа што е уредено со

едностран акт-Устав и закон. Во законот се наведени условите (како што подоле ќе видиме) за добивање и губење на државјанството, последиците од престанокот на државјанството и друго.

Според определувањето на определени категории на права , правото на државјанство има правна категорија и е регулирано со посебни законски и подзаконски акти.

Тоа во Република Македонија е направено со Законот за државјанство кој во општите одредби има два члена, во кои накратко ги определува начинот на утврдување на правото на државјанство па така :

- Во Член 1 се вели: Со овој закон се уредуваат начинот и условите за стекнување и престанување на државјанството на Република Македонија, утврдување на државјанството, надлежниот државен орган за решавање на овие случаи, докажување на државјанството и водење на евиденција на државјаните на Република Македонија. Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и не го означува етничкото потекло на лицата.
- Во Член 2 е наведено дека: Државјанин на Република Македонија може да има и државјанство на друга држава. Државјанин на Република Македонија кој има државјанство на друга држава, во Република Македонија се смета исклучиво за државјанин на Република Македонија, ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

  Од овие два члена и од следните може да се каже дека државјанството има правна природа и е регулирано според меѓународните и европките законски стандарди.[7]

Државјанството е политички детерминирано, поради тоа што државата одлучува кој може, а кој не може да биде државјанин. Често таа одлука нема демократска база и исклучува луѓе според раса, ентитет, религија и друго. Државјанството исто може да се согледа како обид за промена на постоечките релации на моќ. Поради тоа, тоа може да се интерпретира како категорија која овозможува демократија или демократија на нов тип. Демократско државјанство третира луѓе како индивидуаи со еднакви права на земјата. Демократија е политички принцип кој

[7] Закон за државјанство

вклучува плурализам, различност и хетерогеност. Ако државата е изградена врз основа на тие принципи, тоа значи дека таа препознава различности[8].

1.2Државјанство во внатрешно и меѓународно право

Нормативното регулирање на државјанството денес претставува утврдување на граници на суверенитет во услови на зголемена меѓузависност. Ограничувањето на негативната содржина на суверенитетот, односно самостојност vis a vis друга држава и позитивни кои соччинуваат ексклузивни компетенции на државнат авласт на територијата, произегувајќи од постоење на таканаречени конкурентски надлежности.

Фундаменталното ограничување кое меѓународниот правен поредок го воспоставува се однесува на принципот по кој сите држави се автономни по прашањето на правно уредување на сопственото државјанство. Државите не се врзани со внатрашна надлежност на другите држави, слободно да пропишуваат колизиони норми за државјанство на лица на својата територија, но се во границите на правилата, врзани за општп прифатените начини на стекнување и престанување на државјанството.

Државјанството традиционално се стекнува преку оригиналните и дериватни начини на стекнување на државјанство, во зависност од факторите од кои внатрешното законодавство тргнува во регулирање на материјата државјанство. Во меѓународните правни рамки, прифатен е принципот регулирањето на државјанството да спаѓа во област на домашна надлежност. Овој принцип начелно е во согласност со принципите содржани во Декларацијата за начела на меѓународното право за пријателски односи и соработка на државите во согласност со Повелбата на ОН од 1970 година, според која државите се должни да не интервенираат во работи кои спаѓаат во внатрешна надлежност на друга држава.

Но, неинтеревенцијата и немешањето на другите држави во внатрешните работи на други држави, не значи дека границите на националниот закон за државјанство не се утврдени со меѓународното право. На ограничување на правилата за domain reserve

[8] Zlatkovic, J., Drzavljanstvo, nacionalni identitet I migracije, Revija za sociologiju, 2001

укажала и меѓународната јурисприденција помеѓу две светски војни. Најавторитативен став по прашањето за меѓународно правно регулирање на државјанството на физички лица го истакнал Постојаниот суд за меѓународна правда. Тој со советодавно мислење по повод државјанството во Тунис и Мароко, потврдил дека прашањето за исклучива надлежност на државата е релативно прашање во зависност од развојот на меѓународните односи и во однос на прашањата кои не се регулирани со меѓународното право, државите користејќи ги своите дискрециони овластувања можат да бидат ограничени со обврските преземени во однос на другите држави, со што и нивната јурисдикција е ограничена со правилата на меѓународно право[9].

Слични пристапи се инкорпорирани и во некои меѓународни правни инструменти. Пример, во член 2 на нацрт Конвенцијата за државјанство на Харвардското правно училиште, потврдено е дека државата во поглед на утврдување на државјанството не е неограничена. Во член 1 од Хашката конвенција за одредени прашања, за законот од државјанство од 1930 година, пропишано е дека секоја држава има право да го уредува својот закон, кој е нејзин државјанин, но дека за другите држави состојбата е прифатлива во мера во која внатрашното право е во согласност со меѓународните конвенции, меѓународни обичаи и општо прифатени принципи за државјанството[10].

Споменатиот пристап бил посебно изразен после завршување на Втората светска војна, кога се издигнале човековите права. Од тогаш, начинот на кој државите го регулираат државјанството, не е веќе прашање за нивна надлежност, туку е прашање на остварување и заштита на човековите права на поединците како рефлексни субјекти на меѓународното право.

Преку воспоставување на правен режим на државјанството, уставите на различни држави денес даваат предност на државјанството како право на човекот. Правото на државјанство станало iustus titulus за остварување на други човекови права. Државјанството е едно од поимите со кои се занимава целиот свет и кај кој е нагласена зголемена грижа на меѓународната заедница. Мерилата кои државите би ги усвоиле и покрај општо прифатените правни стандарди за државјанството, би можеле да доведат до изигрување на прописите на другите држави.

[9] Research in International Law, Harvard Law School, American Journal of international Law
[10] Convention of certain questions to the conflict of nationality law, Hague

Националните правила за државјанството мора да бидат во симетрија со општите правила и принципи на меѓународното право. Можеби најдобар пример во тој поглед претставуваат принципите за стекнување на државјанство. Најприменлив во пракса е персоналниот пристап филијација, според кој државјанството се стекнува според државјанството на родителите и територијален принцип, според кој државјанството се стекнува со раѓање на подрачјето на државата[11].

Иако овие принципи не се пропишани со меѓународното обичајно право, сепак нивните граници на примена меѓународно правно се утврдени со меѓународни конвенции. Така, во член 12 од Хашката конвенција за одредени прашања во законот за државјанство од 1930 година, пропишано е дека правилото за стекнување на државјанство врз основа на раѓање на подрачје на државата, не се однесува автоматски на децата, лица кои уважуваат дипломатски имунитет.

Со точка II од Факултативниот протокол кој се однесува на стекнување државјанство со Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, пропишано е дека членовите на семејството, лица од дипломатска мисија кои немаат државјанство на државата која ги акредитира, не стекнуваат државјанство на таа држава со самото дејство на нејзиното законодавство[12].

За стекнување на државјанство во државата на престојување, меѓународното право бара постоење на намери за постојано живеење на територијата. Во одредени случаеви со резиденцијално присуство се бара и вршење на одредени деловни активности по чија основа лицата стекнуваат државјанство во државата во која престојуваат.

Ако една држава утврди дека одредено лице исполнува услови за стекнување на нејзино државјанство, тогаш сите други држави мора да го уважуваат тој факт. Во спротивно, доаѓа до несакани меѓународно правни импликации кои можат да повлечат мерки на реторзија. Ставот на меѓународната јуриспруденција по ова прашање е целосно одреден. Само во исклучителни ситуации, меѓународното право дозволува отстапување од наведените правила.

[11] Andrassy, J., Medjunarodno pravo, Skolska knjiga, Zagreb, 1990
[12] Vienna convention on diplomatic relations, United Nations Treaty Series

Разновидноста на основните мерила за стекнување на државјанство во пракса може да предизвика позитивен и негативен судир во законот за државјанство. Тоа е посебно видливо кај решенија со кои по сила на закон се менува правно граѓанскиот статус на поединците. Нормативната колизија на меѓународен план последично може да доведе до појава на двојно државјанство, повеќе државјанства, а во одредени случаеви и до без државјанство. Со цел избегнување на споменатите појави, државите одат кон регулирање на материјата државјанство.

1.3Државјанство на физички лица и промена на суверенитетот на територијата

Сукцесија настанува со промена на територијалниот суверенитет на државата. Стекнување, губење и промена на државјанството на физички лица, блиску е поврзано за сукцесивните промени, кои претставуваат замена на државата во поглед на одговорностите за меѓународно правни односи на територијата на која се однесува сукцесијата.

По повод меѓународно правно регулирање на правни последици од сукцесија, на државата во однос на државјанството, праксата покажала повеќе концептуални пристапи. Еден пристап тргнува од ставот дека со сукцесија на државата доаѓа до автоматска промена на државјанството на населението на територијата. Пристапот во главно е врзан за одамна напуштена територија во државата како објект по кој државата престанува по пат на освојување, анексија и субјугација.

За лица кои ќе прифатат да останат на територијата која преминала на државата сукцесор, се сметало дела претставуваат приапратници на територијата. Автоматската сукцесија на државјанство значела во пракса покорување преку премолчено служење на новиот суверен. Другиот пристап тргнува од тоа дека државата сукцесор со своите законски акти ги уредува сите прашања на државјанството. Државјанството на

државата сукцесор не се стекнува преку сукцесија на државата, туку преку државен акт со кој жителите на погодената територија се преведуваат во сопствени државјани[13].

Ни еден од споменатите пристапи не е повеќе применлив во пракса. Факт е дека меѓународните правила за сукцесија на државата во однос на државјанството останале нецелосни, а дека сеопфатната кодификација започнала неодамна, под закрила на Обединетите нации и некои европски организации.

1.4 Извори на правото за државјанството во Р. Македонија

ДРЖАВЈАНСТВО е правна врска меѓу Вас и државата и не го означува Вашето етничко потекло

Согласно Уставот, државјанството на Република Македонија (РМ) е уредено со закон и не може да се одземе. Законот со кој се уредува државјанството е Законот за државјанството од 1992 година изменет и дополнет со Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанството од 2004 година.

[13] Feichenfeld, E., Encyclopedia at the social sciences

1.5 Конвенција за државјанство

Во Преамбулата на Конвенцијата за државјанство стои дека државите членки на Советот на Европа и другите држави потписнички на оваа Конвенција, сметаат дека целта на Советот на Европа е да се постигне поголемо единство помеѓу неговите членки. Имајќи ги во предвид бројните меѓународни инструменти кои се однесуваат на државјанството, повеќедржавјанството и бездржавјанството. Увидувајќи дека, во однос на прашањата за државјанството, треба да се земат предвир и легитимните интереси на државата и интересите на поединците. Со желба да го унапредуваат прогресивниот развој на правните начела кои се однесуваат на државјанството како и нивното усвојување во националното законодавство и со желба да ги избегнат, колку што е можно, случаите за бездржавјанството. Со желба да ја избегнат дискриминацијата во прашањата за државјанството.Свесни за правото на почитување на семејниот живот како што е предвидено во член 8 од Конвенцијата за заштита на човековите прави и основни слободи. Забележувајќи го различниот пристап на државите кон прашањето на повеќедржавјанството и увидувајќи дека секоја држава е слободна да одлучи какви последици ќе предвиди во своето национално законодавство за ситуации кога еден државјанин стекнал или поседува уште едно државјанство.

Согласувајќи се дека е пожелно да се изнајдат соодветни решенија за последиците од повеќедржавјанството, а особено за правата и должностите на лицата носители на повеќе државјанства.

Сметајќи дека е пожелно лицата што поседуваат државјанство на две или повеќе земји-пристапнички би требало да бидат обврзани да ја исполнуваат својата воена обврска само во однос на една од тие земји. Разгледувајќи ја потребата од унапредување на меѓународната соработка меѓу националните власти одговорни за прашањата за државјанство. Така Република Северна Македонија ја потпишала оваа Конвенција на 6ти ноември 1997 година.

Предмет на оваа Конвенција е да ги утврдува начелата и правилата во врска со државјанството на физичките лица и правилата во врска со регулирањето

на воената обврска во случаите на повеќедржавјанството, со кои треба да се усогласи внатрешното законодавство на земјите потписнички.

Конвенцијата се состои од X глави и тоа:

I. Општи прашања (член 1 и 2)

II. Општи начела кои се однесуваат на државјанството (член 3,4,5)

III. Правила за државјанството (член 6,7,8,9)

IV. Постапки во врска со државјанството(член 10,11,12,13)

V. Повеќедржавјанство(член 14,15,16,17)

VI. Државна сукцесија и државјанство(член 18,19,20)

VII. Воена обврска во случаи на повеќедржавјанство(член 21,22)

VIII. Соработка меѓу државите пристапнички(член 23,24)

IX. Примена на конвенцијата(член 25,26)

X. Завршни одредби(член 27,28,29,30,31,32)

Според насловите на главите во Конвенцијата за државјанство, доста јасно е што предвидува конвенцијата и колку се применува во нашето законодавство, со тоа што имаме и некои измени кои се наведени во подоле наведениот текст.

- Согласно со член 29 точка 1 од Европската конвенција за државјанство, Република Македонија става резерва во однос на глава III член 6 точка 3 од Конвенцијата со следнава содржина:

“Република Северна Македонија го задржува правото во услови за добивање државјанство со природување да предвиди период на непрекинат законски престој на територијата на Република Северна Македонија од најмалку 15 години до поднесувањето на барањето за прием во државјанство”.

- Додека исто така дава Изјава: Согласно со член 25 од Европската конвенција за државјанство, Република Северна Македонија изјавува дека ја исклучува примената на глава VII, до усогласување на домашното законодавство со нејзините одредби,а потоа согласно со член 25 став 3 од Конвенцијата, ќе го извести генералниот секретар на Советот на Европа дека ќе ги применува и одредбите на оваа глава.

1.6 Толкување на Законот за државјанство на Република Северна Македонија

Законот за државјанство на Република Северна Македонија, што Собранието на Републиката, го донесе на седницата одржана на 27 октомври 1992 година е прогласен и објавен на 3 ноември 1992 година во Службен весник на Република Северна Македонија со број 67/92, а влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето. Овој закон е донесен, всушност, една година по донесувањето и прогласувањето на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Северна Македонија-17 ноември 1991 година, со кои Република Северна Македонија се конституира како суверена и самостојна држава. Со Уставниот закон за спроведување на Уставот, донесувањето на Законот за Државјанството се вброи во групата на приоретни закони што се од посебно значење за спроведување и оживотворување на Уставот. Важноста на донесувањето на овој закон се изразува низ повеќе димензии: прво,државјанскиот статус на граѓаните односно државјанството е еден од атрибутите на секоја современа суверена и независна држава(државјанството претпоставува држава или каде нема држава-нема ни државјанство) кое има и внатрешно и меѓународно политичко-правно значење, второ, државјанството е исто толку важно и за граѓаните, зашто е претпоставка и услов за остварување на нивните права и слободи загарантирани со Уставот, но и за исполнување на нивните обврски што произлегуваат од државјанскиот статус, трето, се елиминира двојството(сојузно и републичко) во државјанството (кое дотогаш се уредуваше со Законот за државјанство на СФРЈ од 1976 година и Законот за државјанство на СРМ од 1977 година) и се воспоставува едно и единствено државјанство на Република Северна Македонија. На тој начин, уставно-правно се воспостави (или даде можност да се воспостави), како и во секоја суверена и самостојна држава,посебен,траен правно политички однос меѓу граѓаните на Република Северна Македонија и државата Македонија, врз основа на кој (државјански статус) граѓанинот се стекна со правата и должностите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, без оглед дали се наоѓа на домашна или странска територија.

Основна на концепцијата на Законот за државјанството на Република Северна Македонија е Уставот на Република Северна Македонија односно неговите

темелни вредности и одделни одредби и во него се содржани и разработени следните начела:

1. Граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Северна Македонија и на државјанин на Република Северна а Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту да биде протеран или предаден на друга држава (член 1 и 4 од Уставот);
2. Државјанството на Република Северна Македонија се уредува со закон, почитувајќи ги и заштитувајќи ги интересите на Република Северна Македонија, интересите на поединците и принципите и начелата на меѓународното право (член 2 и 8 став 1 алинеја 11 , и член 118 од Уставот);
3. Допуштеност на двојно државјанство (на Република Северна Македонија и на друга држава), со исклучивост на државјанството на Република Македонија на територијата на Република Северна Македонија но и можност поинаку да се определи со меѓународен договор(член 8 став 1 алинеја 1 и 11 од Уставот,член 3 и 9 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Северна Македонија);
4. Правен континуитет на државјанството на Република Северна Македонија со државјанството на НРМ и СРМ(Преамбула на Уставот на Република Северна Македонија, член 3,4,5 и 9 од Уставниот закон).

Со законот за државјанство на Република Северна Македонија се уредува севкупната материја за државјанството, систематизирана во 5 дела: I.Општи одредби; II.Стекнување на државјанство на Република Северна Македонија; III.Престанување на државјанството; IV.Надлежен државен орган за решавање,водење на евиденција и докажување на државјанството на Република Северна Македонија и V.Преодни и завршни одредби.

Во првиот дел од посебно значење е принципот во член 2 од Законот, кој дава можност за двојно државјанство односно државјанство на Република Северна Македонија и државјанство на друга држава, со тоа што кога тие граѓани се наоѓаат во Република Северна Македонија-тие се изедначуваат со другите државјани на Република Северна Македонија и не можат да се повикуваат на фактот дека поседуваат и странско државјанство, во врска со остварувањето на правата и обврските утврдени со Уставот и законите на Република Северна Македонија. Меѓутоа, кога тие граѓани се наоѓаат надвор од Македонија, на територијата на државата чие државјанство исто така го имаат или кога се

наоѓаат во трети држави, нивните права и обврски зависат и од законодавството на тие држави. Прашањето на повеќедржавјанството е предмет на уредување и на Европската конвенција за државјанството (потпишана од Република Северна Македонија на 6ти ноември 1997 година), која се залага евентуалните проблеми и последици од повеќедржавјанството да се решаваат со националното законодавство на секоја земја. Во таа смисла, секоја земја потписничка на Конвенцијата должна е да овозможи таквите лица својата воена обврска да ја исполнуваат само во една од тие земји, да го дозволува повеќедржавјанството по сила на законот- за деца со двојно државјанство што го стекнале по раѓање, за ги задржат тие државјанства, потоа нејзините државјани да поседуваат и друго државјанство кое се стекнува автоматско по основ на брак(член 14 од Конвенцијата). Во вториот дел се утврдуваат и регулираат и начините и условите за стекнување со државјанство на Република Северна Македонија. Утврдени се четири начини(што се главно општоприфатени во законодавствата на повеќе земји): со потекло, раѓање на територијата на Република Северна Македонија, со природување и врз основа на меѓународни договори.

Одредбите на Законот за државјанството за стекнување државјанство со потекло се доста широко (олеснително)поставени во однос на Европската конвенција, и тоа како за децата родени на територијата на Република Северна Македонија, така и за децата родени во странство ако едниот родител е државјанин на Република Северна Македонија во моментот на раѓањето на детето)член 4 и 5 од Законот за државјанството и член 6 точка 1 и 2 од Европската конвенција). Условите за стекнување на државјанството со природување(натурализација) се главно општопознати и прифатени во повеќе законодавства на други држави. На пример, во Велика Британија, се бара: непрекинатолегално да се престојува и физички да се биде присутен 5 години до поднесувањето на барањето, познавање на јазикот, добар карактер и дамера да се живее во Велика Британија; во Италија-за лица без државјанство треба легално и непрекинато да престојуваат во Италија 5 години, а странски државјани- да живеат најмалку 10 години во Италија со регуларна дозвола за престој (4 години за државјани на земјите од Европската унија)- со давање свечена заклетва за верност кон Република Италија, почитување на Уставот и законите); во Швајцарија за добивање државјанство со природување потребно е странецот вкупно да живеел во Швајцарија 12 години, од кои 3 пред поднесувањето на молбата, претходно

да има одобрение за прием кое се издава на 3 години, а за да се добие тоа се проверува дали лицето е: вклопено во швајцарските прилики, дали е запознаен со швајцарските животни навики, обичаи и правила, дали се придржува кон швајцарскиот правен поредок, да не ја доведува во опасност внатрешната и надворешната безбедност на Швајцарија. Според Европската конвенција, пак, се предвидува со националното законодавство да се дава можност за натурализација на лица кои законски и постојано живеат на нејзината територија, при што да не се предвидува период на живеење подолг од 10 години до поднесувањето за барањето. Законот за државјанство на Република Северна Македонија, во член 7 точка 2 предвидува странецот-подносител на барањето за стекнување државјанство на Република Северна Македонија со природување до поднесувањето на барањето законски да престојува на територијата на Република Северна Македонија непрекинато најмалку 15 години.

Во членовите 8,9 и 11 од Законот за државјанство се предвидени привилегираните начини за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија со природување на: иселениците од Република Северна Македонија и нивните потомци до прво колено; странците-сопружници на државјаните на Република Северна Македонија; и лица чии прием во државјанство на Република Северна Македонија претставува посебен научен,културен, економски и национален интерес, а посебно за сите Македонци по потекло кои живеат надвор од Македонија.

Во третиот дел се утврдуваат основите иусловите за престанок на државјанството на Република Северна Македонија. При тоа, како единствени начини за престанок на државјанство се отпуст и според меѓународни договори. Не се предвидени другите облици на губење на државјанството по сила на закон како што се предвидени во законодавствата на други земји, па и облиците што се предвидени во Европската конвенција: можност за губење на државјанството по закон или по иницијатива на земјата потписничка во случаи на:

-доброволно стекнување на друго државјанство;

-ако државјанството е стекнато по пат на измама, лажни податоци или сокривање на некој релевантен факт за молителот;

-доброволна служба во странска војска;

-однесување што потешко ги загрозува виталните интереси на земјата;

-непостоење на вистинската врска меѓу земјата и државјанинот што постојано живее во странство и сл.

Законот за државјанството на Република Северна Македонија не го предвидува обликот на престанок на државјанство по пат на одземање, затоа што со Уставот на Република Северна Македонија изречно е утврдено дека на државјанин на Република Северна Македонија не може да му биде одземено државјанството(член 4 став 2 од Уставот). Во Законот е предвидена можност за поништување решение за прием во државјанство во Република Северна Македонија по врачувањето, ако се утврди дека странецот при поднесувањето на барањето за прием во државјанство со природување, дал невистинити или неточни податоци или се користел со лажни исправи, но само во одреден рок предвиден со Законот. Во овој случај не се работи за одземање на државјанство, туку за спорно(незаконито) стекнато државјанство со природување, кое е и кривично-правно е санкционирано.

Во четвртиот дел на Законот се определува органот надлежен за решавање по барањето за утврдување, стекнување и престанување на државјанството на Република Северна Македонија и се утврдува документот со кој се докажува државјанството на Република Северна Македонија.

Во петтиот дел од Законот, во преодните и завршните одредби, се уредува прашањето на правниот континуитет на државјанството на Република Северна Македонија во однос на државјанството на НРМ или подоцна СРМ, обезбедувајќи на тој начин правна сигурност на државјанскиот статус на граѓаните. Законот изрично пропишува дека како државјанин на Република Северна Македонија,во смисла на овој закон, се смета лицето кое според досегашните прописи имало државјанство на Република Северна Македонија, дека постапките за стекнување или престанување на државјанство на Република Северна Македонија кои се отпочнати до влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според одредбите на овој закон и дека на дотогашните подзаконски прописи им се продолжува важноста за 6 месеци, доколку не се во спротивност со овој закон.

Исто така, во овој дел на Законот, имајќи го предвид член 9 од Уставниот Закон за спроведување на Уставот на Република Северна Македонија, се утврдени поповолни услови за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија со природување на државјаните на другите републики во СФРЈ и

државјаните на поранешна СФРЈ кои имале пријавено живеалиште на територијата на Република Северна Македонија и тоа: ако во рок од една година по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, ако имаат постојан извор на средства, ако се полнолетни и ако до поднесувањето на барањето законски престојувале на територијата на Република Северна Македонија најмалку 15 години. Значи, без да се бара исполнување на другите услови од член 7 на овој закон. Ова законско решение е на линијата на одредбите од Европската конвенција(член 18) за водење сметка во ситуациите на сукцесии на државите, за интересите на засегнатото лице, на неговата ефективна врска со државата, неговото живеалиште во времето на сукцесијата, неговата волја и територијално потекло.

Со посебна одредба во овој дел се уредува и прашањето на престанокот на важењето на Законот за државјанство на СРМ (Службен весник на СРМ бр 19/77), се утврдува дека Законот за државјанство на СФРЈ (Службен лист на СФРЈ бр 58/76) нема да се применува на територијата на Република Северна Македонија, имајќи предвид дека со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Северна Македонија (член 5) постојните сојузни прописи се преземаат како републички, односно како прописи на Република Северна Македонија. Коментарот на Законот за Државјанството на Република Северна Македонија е подготвен со намера и уверување дека ќе им биде од полза и помош пред се на оние државниорган, службени лица и поединци кои го применуваат законот. Ова затоа што примената на овој закон, како и на секој закон со оглед на нивната неизбежна помала или поголема воопштеност, нужно бара негово толкување, кое пак значи да се открие волјата на законодавецот, односно да се утврди смислата, целта и пораката што ја содржи одделна негова одредба сама за себе и поврзано со другите одредби, поаѓајќи од неговите начела и уставниот поредок на државата. Оттука, можни корисници би биле државните службеници во Министерството за внатрешни работи кои учествуваат во постапките по барањата за стекнување, престанување или утврдување на државјанството на Република Северна Македонија; државните службеници во органите на управата и одделни служби кои непосредно или посредно учествуваат во управната постапка во врска со стекнувањето, престанувањето или утврдувањето на државјанството на Република Северна Македонија; судиите, јавните обвинители и адвокатите и другите стручни

соработници во овие правосудни органи кои одлучуваат, поднесуваат правни лекови или даваат правна помош на граѓаните кои ги остваруваат своите права и интереси според Законот за државјанство на Република Северна Македонија и, се разбира, најмногу непосредно на граѓаните и странските државјани, кои за себе или своите членови на семејството имаат потреби и правен интерес да го знаат и да го користат Законот во врска со стекнувањето, утврдувањето или престанувањето на државјанството на Република Северна Македонија.

Кон коментарот на овој закон, освен Правилникот за начинот на водење на евиденцијата на државјаните на Република Северна Македонија за обрасците што се применуваат односно издаваат, се приложени и Законот за движење и престој на странците, Законот за живеалиште и престојувалиште на граѓаните на Република Северна Македонија, чии одделни одредби се од непосредно значење за примената на Законот за државјанството, особено во врска со утврдувањето на фактот за пријавеното живеалиште односно законското престојување на територијата на Република Северна Македонија.

Исто така, како прилог се додадени и законите и другите прописи кои важеле на територијата на Република Северна Македонија до донесувањето на Законот за државјанство на Република Северна Македонија, од практични и корисни причина во примената на важечкиот закон, со оглед дека во истиот (член 26 став 1) е дадена можност, без одредување на некој рок, секое заинтересирано лице да бара ако има интерес и волја, да се утврди или констатира дека според досегашните прописи имало државјанство на Република Северна Македонија и да се запише во евиденцијата на државјаните на Република Северна Македонија, со што целосно е инкорпориран принципот на правниот континуитет во однос на државјанството.

Во прилозите е поместена и Европската конвенција за државјанството која Република Македонија ја потпиша на 6ти ноември 1997 година, а која по ратификацијата ќе стане составен дел на правниот поредок на Република Северна Македонија. Приложени се и поголем број конвенции за кои сметам дека се од значење во однос на државјанството.

Глава 2 -Принципи на стекнување државјанство

Постојат три основни принципи за стекнување на државјанство, кои во главно се комбинираат:

- Потекло, крвна врска
- Место на раѓање и
- Престој.

На децата државјанство им следува според принципот на потекло, без оглед на тоа каде се родени.

Според принципот место на раѓање, за одредување на држајанството не влијае државјанството на родителите, туку местото каде се родило детето, односно детето стекнува државјанство на онаа држава на чија територија ќе се роди. Ова било значајно применливо во Европа до 19 век, бидејќи им одговарало на феудалните средновековни држави, каде поединецот бил врзан за државата, односно територијата на која е роден и средината која постои на таа територија.

За разлика од претходните два принципи, кои служат за одредување на државјанство на детето во моментот на раѓање, престојувалиштето, во главно се користи за стекнување на државјанство на полнолетни лица кои по своја волја сакаат да стекнат државјанство. Овој принцип скоро никаде не служи како основен и во главно се комбинира со другите два. Како исклучок се споменува државата Ватикан во која, поради нејзината посебна положба и карактер, Законот за државјанство и престојување, доделува државјанство на Ватикан, на сите лица кои во градот Ватикан имаат живеалиште врз основа на својата „чест“, односно „должност“[14].

Кој од овие принципи ќе биде прифатен како основен, зависи од сфаќањата на законодавците, кои во главно се раководат според националните интереси. Исто така, не е можно да се применува исклучиво само еден принцип, туку тие се комбинираат, при што најчест случај на комбинација е потеклото и местото на раѓање.

Во земјите на имиграција, кои биле принудени да „создаваат“ свое државјанство, како што е САД, Австралија и други, прифатен е и принципот место на

[14] Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002

раѓање како основен за стекнување на државјанството. Спроти тоа, во земјите на емиграција, постоел и интерес за чување на своите државјани, па како основен е прифатен принципот потекло.

Во Велика Британија, според British nationality act од 1981 година, дете родено во Британија станува британски државјанин ако во моментот на раѓање родителите му се британски државјани или имаат статус на постојани граѓани[15].

2.1 Брачна врска како релевантен фактор за стекнување на државјанство

Брачната врска влијае на државјанскиот статус на лицата во брак. Овој факт е релевантетн за олеснителен начин на стекнување на државјанство, со исполнување на други услови, а во некои може да биде од значење за престанување на државјанството. Претходните теории тргнувале од единство на државјанството на брачните другари. Според класичната варијанта, кога брачните другари се со различно државјанство, одлучувачко е државјанството на мажот.

Жената со стапувањето во брак стекнува државјанство на мажот, како и децата кои се родени во бракот. И денес во одредени држави постојат вакви правила, на пример во Индонезија и Шпанија, каде домашна државјанка го губи своето државјанство со мажење за странец, додека странска државјанка мажена за домашен државјанин, стекнува државјанство на мажот.

Со продорот на прогресивни идеи за потребата од постоење на рамноправност помеѓу мажите и жените, се развивала идејата за независност на државјанството на жената од државјанството на мажот. Со Конвенцијат а на Обединетите нации од 1957 година, утврдено е дека „ни бракот и разводот помеѓу домашни државјани и странец, ниту промена на државјанство на мажот за време на бракот не може да влијае на државјанството на жената“.

[15] Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002

2.2Апатриди, бипатриди и полипатриди

Постоењето на разлилни принципи за стекнување на државјанство доведува до позитивен или негативен судир на државјанството, односно до тоа неколи лица да бидат без државјанство (апатриди), а некои со две (бипатриди) или со повеќе државјанства (полипатриди). Дете родено на територијата на државата во која основен принцип е стекнување на државјанството место на раѓање, од родителите кои имаат државјанство на државата со принцип на крвна врска, во моментот на раѓање стекнува две државјанства. Ако е родено во држава со начело крвна врска, од родители со државјанство на државата со принцип на место на раѓање, таквото дете во моментот на раѓање останува без државјанство.

Апатридите ги дефинираат меѓународните извори, како што е Конвенција за правна положба на лица без државјанство, која во член 1, пропишува дека лицата без државјанство „се лица кои ниедна држава не ги смета за свои државјани во согласност со својот закон“. Во смисла на Конвенцијата, разгледувањето дали некој е лице апатрид, е ограничено на државите со кои лицето ужива релевантна врска, на пример по раѓање, потекло, склучен брак, вообичаен престој.

Регионалните извори исто така се занимаваат со правото на државјанство, како на пример Американска конвенција за човечки права од 1969 година, и Конвенција на Советот за Европа за избегнување на апатридија поврзана со државна сукцесија од 2006 година. Организацијата на африканско единство во 1999 година ја усвоила Повелбата за права на доброто на детето, во која се потврдува дека секое дете има право да стекне државјанство[16].

[16] Борковиќ, И., Управно право, Народне новине, Загреб, 2002

Глава 3- Начини на стекнување на државјанство во Република Македонија

Државјанството на Република Македонија се стекнува со[17]:

1) потекло,

2) раѓање на територијата на Република Македонија,

3) природување и

4) меѓународни договори.

- Стекнување на државјанство со потекло

Со потекло стекнува државјанство на Република Македонија дете на кое:

- во моментот на раѓањето двата родители се државјани на Република Македонија;

- во моментот на раѓањето едниот родител е државјанин на Република Македонија, а детето е родено во Република Македонија, доколку родителите спогодбено не определат детето да го добие државјанството на другиот родител и

- во моментот на раѓањето едниот родител е државјанин на Република Македонија, а другиот родител е непознат или со непознато државјанство, односно без државјанство, а детето е родено во странство.

Државјанство на Република Македонија со потекло стекнува и посвоеник при потполно посвојување на кој двата или едниот посвоител е државјанин на Република Македонија.

Во случаите кога детето е родено во странство на кое едниот родител во моментот на раѓањето е државјанин на Република Македонија, а другиот странски

[17] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

државјанин, со потекло стекнува државјанство на Република Македонија ако до наполнети 18 години живот биде пријавено за запишување како државјанин на Република Македонија или ако до наполнети 18 години живот постојано се насели во Република Македонија со родителот кој е државјанин на Република Македонија.

Во случај на судски спор за доделување на дете, државјанството се стекнува по правосилноста на судската одлука. Во определени услови државјанство на Република Македонија може да стекне и лице кое не е пријавено од двајцата родители, со наполнети 18 години живот, ако поднесе пријава за упис во државјанство на Република Македонија до навршени 23 години живот.

- Стекнување на државјанство со раѓање на територијата на Република Македонија

Државјанство на Република Македонија стекнува дете кое е најдено или родено на територијата на Република Македонија на кое родителите му се непознати, или се со непознато државјанство или се без државјанство.

На детето ќе му престане државјанството на Република Македонија ако до наполнети 15 години живот се утврди дека родителите му се странски државјани и доколку детето нема да остане без државјанство.

- Стекнување на државјанство со природување

Државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој лично поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија, ако ги исполнува следниве услови[18]:

- да наполнил 18 години живот;

- до поднесувањето на барањето законски и постојано да живее на територијата на Република Македонија најмалку осум години;

[18] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

- да има обезбедено стан и постојан извор на средства за егзистенција во висина која овозможува материјална и социјална сигурност под услови утврдени со закон;

- во Република Македонија и во државата чиј државјанин е да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Македонија,

- против него да не се води кривична постапка во Република Македонија и во државата чиј државјанин е;

- да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината;

- да не е изречена мерка забрана за престој во Република Македонија;

- неговиот прием во државјанство на Република Македонија да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Македонија;

- да потпише заклетва дека ќе биде лојален граѓанин на Република Македонија и

- да има отпуст од досегашното државјанство или да докаже дека ќе го добие ако биде примен во државјанство на Република Македонија.

- Лице без државјанство или бегалец

Државјанство на Република Македонија со природување може да стекне лице без државјанство или со признат статус на бегалец, ако од утврдувањето на без државјанството, односно признавањето на статус на бегалец до поднесувањето на барањето за прием во државјанство, законски и постојано живее на територијата на Република Македонија најмалку шест години, да не бил казнуван во Република Македонија со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Македонија, против него да не се води кривична постапка во Република Македонија и ако ги исполнува условите од точките погоре.

- Иселеник

Иселеник од Република Македонија, како и негов потомок до прво колено, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија иако не ги исполнува условите од дел од точките погоре . Под поимот „иселеник", се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

- Странец кој е во брак со македонски државјанин

Странец кој е во брак со државјанин на Република Македонија најмалку три години и до поднесувањето на барањето законски престојува најмалку една година не прекинато на територијата на Република Македонија може со природување да стекне државјанство на Република Македонија иако не ги исполнува условите од точките погоре. Странец кој е во брак со државјанин на Република Македонија најмалку осум години, кој законски и постојано живее во странство и со Република Македонија има цврста и ефективна поврзаност, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија иако не ги исполнува условите од точките погоре[19].

- Стекнување државјанство поради научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес[20]

Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точки 1 и 8 на овој закон може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа преставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес. Владата на Република Македонија со уредба ги утврдува критериумите за

[19] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017
[20] Закон за државјанство на РМ, Скопје, јануари 2017

особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство.

Владата на Република Македонија го дава мислењето за постоење на особениот интерес.

3.1Постапки за стекнување државјанство на РМ

Државјанство е правна врска меѓу Вас и државата и не го означува Вашето етничко потекло. Согласно Уставот, државјанството на Република Македонија (РМ) е уредено со закон и не може да се одземе.

Остварување на право на државјанин на Република Македонија. Ова право може да се оствари на неколку начини:

- со потекло, односно, ако сте родени од родител/родители кој/кои е/се државјанин/државјани на Република Македонија;

- во исклучителни околности, со раѓање во Република Македонија

- со природување;

- со потекло или со раѓање.

- Што е државјанство со потекло?

По раѓањето, едно дете стекнува државјанство на РМ, доколку барем еден од неговите родители е државјанин на РМ. Односно, детето стекнува државјанство на РМ со потекло кога ќе бидат исполнети следниве услови:

- ако и двајцата родители се државјани на РМ, нивното дете стекнува државјанство на РМ независно од тоа каде е родено;

-ако еден од родителите е државјанин на РМ и ако нивното дете е родено во РМ, тогаш брачниот другар мора да се согласи со тоа детето да стекне државјанство на РМ.

Доколку детето се роди во странство, а само еден од родителите е државјанин на РМ, тогаш нивното дете ќе стекне државјанство на РМ, доколку:

-поднесат барање за запишување на нивното дете во книгата на државјани, пред тоа да наполни 18 години, или

-нивното дете се враќа да живее во РМ со нив, пред да наполни 18 години, или

-нивното дете со наполнети 18 до навршени 23 години возраст поднесе барање за запишување во книгата на државјани.

Доколку другиот родител е непознат или со непознато државјанство,тогаш детето ќе стекне државјанство на РМ со потекло, независно од тоа каде е родено.

- Кои документи треба да се поднесат до подрачната единица на Министерството за внатрешни работи?

Заедно со барањето за стекнување на државјанство на РМ треба да се поднесат и следниве документи:

-извод од матичната книга на родените на детето;

-доказ за државјанство на РМ на родителите;

-доколку детето е малолетно, согласност од родителот кој не е државјанин на РМ;

-лична карта на родителот или старателот;

-регулирано полномошно, доколку барањето се поднесува од овластено лице.

Формуларот за запишување и формуларот за согласност се издаваат бесплатно во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи.

- Што треба да се направи ако детето е родено во странство?

Треба да се поднесе барање за запишување во книгата на родени и регистарот на државјани во матичната служба во местото на живеење на родителот кој е државјанин на РМ. Ако се наоѓаат во странство, раѓањето треба да го пријават во најблиската амбасада или во најблискиот конзулат на РМ.

- Што треба да се направи во случај на посвојување на дете?

Едно целосно посвоено дете, исто така, ќе се стекне со државјанство на РМ со потекло, доколку двајцата или еден од родителите е државјанин на РМ.

- Дали секое дете родено во Република Македонија се стекнува со државјанство на Република Македонија?

Не, само оние деца на кои најмалку еден од родителите им е државјанин на РМ. Меѓутоа, ако детето е најдено или родено во РМ и ако родителите се непознати, или се со непознато државјанство или се без државјанство тогаш тоа дете стекнува државјанство на РМ.

Државјанството на детето во ваков случај ќе му престане ако до наполнети 15 години живот се утврди дека родителите му се странски државјани и доколку детето со тоа нема да остане без државјанство.

- Природување. Што значи природување?

Ако како возрасен доброволно се стекнете со државјанството на државата во која престојувате, откако сте ги исполниле условите од законот на таа држава тогаш сте стекнале државјанство со природување.

Во РМ, природувањето може да биде пред се врз основа на годините на законски престој или на брак со државјанин на РМ. Ако стекнеме државјанство на РМ со природување, тогаш малолетни деца, исто така, ќе го добијат истото државјанство, но треба да се запомне дека податоците за нив треба да се вклучат во барањето за прием во државјанство на РМ.

- Како се поднесува барање?

Треба лично да се поднесе пополнет ФОРМУЛАР – БАРАЊЕ (се дава бесплатно во секоја подрачна единица на Министерството за внатрешни работи) во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи којашто се наоѓа во местото на живеење. Запомнете дека треба со вас да ги носите и потребните документи. Не заборавајте да ги вклучите и малолетните деца во вашето барање за прием во државјанството на РМ.[21]

Може да се побара од Министерството за внатрешни работи за ослободување од плаќање на административната такса, ако единствен извор на средства во нашето домаќинство е постојаната парична помош или социјалната парична помош што ја дава државата.

Како може да се добие државјанство на Република Македонија ако некој е странец и живее во Република Македонија најмалку 8 години. Треба да бидат исполните сите овие услови:

-да имаат наполнето 18 години;

-да живеат во РМ законски и постојано најмалку 8 години;

-да имаат обезбедено стан;

-да имаат обезбедено постојан извор на средства за егзистенција во висина која овозможува материјална и социјална сигурност под услови утврдени со закон;

-во РМ и во државата чие државјанство го имаат да не се казнувани со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во РМ;

-во РМ и во државата чие државјанство го имаат, против внив да не се води кривична постапка;

-да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината;

-да не им е изречена мерка забрана за престој во РМ;

[21] https://www.pravdiko.mk/izdavane-na-uverenie-za-drzhavjanstvo/

-приемот во државјанство на РМ да не ја загрозува безбедноста и одбраната на РМ.

Ако ги исполните сите услови од прв до последен, ќе треба исто така да се има отпуст од досегашното државјанство или да се докаже дека ќе се добие ако бидат примени во државјанството на РМ.

Пред да се побара отпуст од досегашното државјанство или пред да се докаже дека ќе се добие отпуст од другото државјанство ако бидат примени во државјанството на РМ, Министерството за внатрешни работи издава гаранција дека ќе бидат примени во државјанството на РМ.

И на крај, ако се исполнат сите горенаведени услови, и бидат примени во државјанство на РМ, ќе треба да се потпише заклетва дека ќе бидат лојални граѓани на РМ.

- Кои документи се потребни?

-кратка биографија;

-документ за идентификација (како на пример: лична карта за странец или патна исправа издадена од државата чиј државјанин сте). Овој документ ќе треба само да се покаже кога ќе се поднесува барање;

-извод од матичната книга на родените (ако е странски, да биде издаден на интернационален образец или преведен од овластен судски преведувач). Овој документ треба задолжително да се поднесе;

-извод од матичната книга на венчаните (ако е странски да биде издаден на интернационален образец или преведен од овластен судски преведувач).

Овој документ треба да се поднесе само ако се поседува:

-доказ дека семејството има обезбеден стан;

- договор за купопродажба или

- договор за закуп или

- поседовен лист или

- решение за даночен обврзник и др

- доказ дека семејството има постојан извор на средства

- потврда за работен однос, или

- потврда за друг извор на приходи

- уверение дека не се води кривична постапка против нив во РМ

- уверение дека не се води кривична постапка против нив во земјата чие државјанство го имаат

- уверение од казнена евиденција од државата чие државјанство го имаат

- прашални за проверка на условот за познавање на македонскиот јазик.

Исто така, во потврдата треба да пишува колку пари заработува семејството.

Често поставувани прашања:

- Што ако сум во брак со државјанин на Република Македонија?

Ако едно лице е венчано пред матичар со државјанин на РМ најмалку три години а во РМ престојува законски и непрекинато најмалку една година до поднесување на барањето може да се добие државјанство на РМ ако:

-се исполнат сите услови погоре кои треба да ги исполни секој странец, освен условите 2, 7 и 10, односно не треба да живееле постојано во РМ најмалку 8 години, не мора да

го зборуваат македонскиот јазик и не мора да имаат отпуст од странското државјанство или да докажуваат дека ќе го добијат;

- се поднесе уверение за државјанството на РМ на сопругот/сопругата и сите останати погоре наведени документи, освен прашалникот за познавање македонски јазик.

Ако сте венчани пред матичар со државјанин на РМ најмалку осум години а законски и постојано живеете во странство може да добиете државјанство на РМ ако:

-ги исполните сите услови погоре кои треба да ги исполни секој странец, освен условите 2, 7 и 10, односно не треба воопшто да сте живееле во РМ, не мора да го зборувате македонскиот јазик и не мора да имате отпуст од странското државјанство или да докажувате дека ќе го добиете;

-поднесете копија од документот со кој се потврдува дека имате пријавен законски престој во друга држава, уверение за државјанството на сопругот/сопругата како и сите останати погоре наведени документи освен прашалникот за познавање македонски јазик.

- Што ако не живеам во Република Македонија, но сум иселеник од Република Македонија или дете на иселеник?

Можете да поднесете барање за државјанство со потребните документи наведени погоре до најблиската амбасада (конзулат) на РМ. Не мора да добиете отпуст од државјанството што го имате ниту да живеете во РМ, но мора да ги исполните сите останати услови како и секој странец наведени погоре, вклучувајќи го и познавањето на македонскиот јазик.

Како можам да добијам државјанство на Република Македонија ако во неа живеам постојано од пред осми (8-ми) септември 1991 година, а сум формално државјанин на другите републики на поранешната СФРЈ и државјанин на поранешната СФРЈ ?

Треба да ги исполните сите овие услови:

- на осми (8-ми) септември 1991 година да сте имале пријавено живеалиште во РМ;
- до поднесувањето на барањето постојано да живеете на територијата на РМ;
- да имате вистинска и ефективна врска со РМ;
- во РМ против Вас да не се води кривична постапка, за кривични дела со кои се загрозува безбедноста и одбраната на РМ;
- да имате наполнето 18 години;
- да го владеете македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разберете со околината
    - Кои документи ми се потребни?
      -кратка биографија;-документ за идентификација.

Овој документ ќе треба само да го покажете кога ќе поднесувате барање.

Ако Министерството за внатрешни работи утврди дека престојот подолго време не ви бил законски пријавен во РМ, може да побара од вас дополнително, откако веќе сте го поднеле барањето, да поднесете каков било друг документ издаден од надлежен државен орган во РМ со кој ќе покажете дека постојано живеете на територијата на РМ од 8-ми септември 1991 година до моментот на поднесување на барањето.
- Извод од матичната книга на родените (ако е странски, да биде издаден на интернационален образец или преведен од овластен судски преведувач). Овој документ треба задолжително да го поднесете.

- Извод од матичната книга на венчаните (ако е странски да биде издаден на интернационален образец или преведен од овластен судски преведувач). Овој документ треба да го поднесете само ако го имате.

- Уверение дека не се води кривична постапка против вас во РМ (издадено од Основниот суд во вашето место на живеење).

-Прашалник за проверка на условот за познавање на македонскиот јазик. Ако сте завршиле каков било облик на образование на македонски јазик, или пак во текот на образованието сте имале предмет македонски јазик за кој сте имале преодна оценка, заедно со прашалникот приложете го свидетелството/уверението со кое тоа се потврдува.

3.2Признаени бегалци и лица без државјанство

Ако сте лице без државјанство – што значи дека ниедна држава не ве смета за свој државјанин по сила на својот закон, или ако сте лице со статус на признаен бегалец и ако до поднесувањето на барањето законски и постојано живеете на територијата на Република Македонија најмалку шест (6) години од моментот кога е утврдено дека сте лице без државјанство или признаен бегалец, за да добиете државјанство на Република Македонија треба прво да поднесете барање заедно со копиите од сите лични документи кои ги имате. Министерството за внатрешни работи може подоцна да побара од вас дополнителни документи и податоци.

Често поставувани прашања:

- Дали дете поднесува барање за прием во државјанство на РМ?

Не, дете помало од 18 год. се стекнува со државјанство преку неговите родители, но запомнете дека родителите треба да ги наведат податоците за детето во своето барање.

- Дали може да ми престане државјанството на РМ?

Да, доколку побарате отпуст од државјанство на република македонија. тогаш треба да исполните неколку услови:
-да сте наполниле 18 години;
-да немате пречки во поглед на воената обврска;

-да сте ги намириле сите свои имотно-правни и законски обврски спрема сите државни и приватни органи, претпријатија, организации и други правни и физички лица;
-да сте ги регулирале сите свои имотно-правни и други законски обврски од брачниот однос и од односот на родители и деца спрема лицата кои живеат во РМ;
-да доставите доказ од надлежен орган дека не е поведена стечајна постака, односно постапка за престанок на трговското друштво чиј основач или содружник сте, или пак за трговецот поединец, ако сте трговец поединец;
-во РМ да не се води против вас кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност;
-ако сте биле осудени на казна затвор тогаш казната треба да сте ја издржале; и
-да имате странско државјанство или да докажете дека ќе добиете странско државјанство.

Може и да не ви се даде отпуст од државјанството на РМ ако тоа е потребно за да се заштити безбедноста и одбраната на РМ или пак заради реципроцитет и други причини од односите со странската држава.

- Дали можам да имам и друго државјанство, освен државјанството на РМ?

Да, но кога сте во РМ ќе ве третираат како државјанин на РМ.

- Дали треба да платам такса за стекнување државјанство?

Да, треба да платите административна такса од 100 евра. Пред да го поднесете барањето треба да уплатите 20 евра и потврдата од пошта/банка дека сте ги уплатиле треба да ја приложите заедно со барањето. Останатите 80 евра треба да ги уплатите ако добиете државјанство на РМ пред да си го подигнете решението во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи. И за тоа треба да доставите потврда од пошта/банка.

- Како да се направи уплата?

Уплаќате во денарска противредност на даночна уплатница со назнака за Републички буџет на РМ на жиро-сметка чиј број ќе Ви го кажат во поштата/банката каде уплаќате. (Можност и за безготовинско плаќање). При уплаќање на уплатницата,

странката го пишува бројот на општината каде што живее. Од тие причини уплатната сметка на трите места со XXX не се пополнети. Полињата во уплатницата означени со XXX се пополнуваат со кодот од Вашата општина

Стандард за доставување (Временски рок): разумен рок од 2 до 6 месеци.

3.3 Начини на стекнување на државјанство во Република Македонија

Според Уставот граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија. Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата кое не го означува етничкото потекло на лицата.

Државјанин на Република Македонија покрај македонското може да има и државјанство на друга држава. Државјанин на Република Македонија кој има државјанство на друга држава, во Република Македонија се смета исклучиво за државјанин на Република Македонија, ако со меѓународен договор не е поинаку определено.

На државјанин на Република Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту да биде протеран или предаден на друга држава.

Глава 4- Други видови стекнување и државјанство

4.1 Стекнување државјанство во сојузни држави

Државите со федерален систем на уредување имаат сложени државјанства, односно тие имаат двојно државјанство: едно сојузно и едно републичко-државјанство на федералните единки.

Во зависност од тоа како настанал сојузот, дали прво настанала федерацијата, па после федералните единки или обратно, предност му се дава на сојузното државјанство или на републичкото држа.

Во Германија и во Швајцарија предност му се дава на републичкото, односно катоналното државјанство, додека во САД предност му се дава на сојузното државјанство.

4.2 Начини на стекнување на државјанство во други земји

Во светските правни системи постојат неколку основни и неколку дополнителни начини на стекнување на државјанството и тоа: стекнување на државјанството со потекло - преку крвна врска **jus sanguinis** и стекнување на државјанството со раѓање на територијата на определена држава - jus soli.

- Првиот начин на стекнување на државјанството, односно преку потекло означува дека детето го добива државјанството на своите родители. Овој начин ни се појавува во класична форма кога во државите не важел принципот на рамноправност помеѓу мажот и жената, така што детето го добивало државјанството на таткото, меѓутоа подоцна со постигнувањето на рамноправноста помеѓу мажот и жената се појавува и стекнувањето на државјанство преку потекло од понов тип, каде што детето го добивало државјанството врз основа на државјанствата на двајцата родители.

- Вториот начин на стекнување на државјанство е со раѓање на територијата на определена држава и е карактеристичен за периодот на феудализмот, а и денес има доста големо влијание во голем број на земји низ светот. Тоа значи дека лицето го стекнува државјанството со раѓање на територијата на една држава.

4.3 Видови на државјанства

Многу земји последнава деценија донесоа закони за легално доделување на државјанства на странци по разни основи (на пр. потекло, инвестирање, брак и тн.) доколку легално се исполнат одредени барања а без притоа да бараат откажување од претходното државјанство.

Такви се на пр. Канада, Грција, Хрватска, Србија, Италија, Романија, Франција, Шведска, Унгарија и тн.

За среќа Република Македонија во своите закони го дозволува повеќекратното државјанство, но со образложение дека македонските државјани кои имаат и едно или повеќе странски државјанства, на територијата на РМ државата ги третира исклучиво како свои државјани. На пр. ако имате американски и македонски пасош, додека сте во Македонија немате право да барате правна помош од американската амбасада и тн.

На оваа тема во овој дипломски труд имавме можност да разработиме повеќе правни аспекти околу државјанството, посебно двојно или пак тројно државјанство, па во продолжение накратко ќе зборуваме и за државјанства на други земји:

- Странските државјанства
- За предностите и недостатоците на двојното државјанство
- Обврските и правата кои произлегуваат од тоа
- Кои земји дозволуваат, а кои забрануваат двојно државјанство
- Начинот на добивање
- Евентуални интересни пријатни или непријатни случки со патувањето со повеќе пасоши
- И друго.

Поимот „државјанство„ не треба да се меша со „национална/етничка припадност„. На пр. македонците во австралија можат да бидат австралијански државјани, но етнички гледано тие се Македонци.

4.4 Препознавање и заштита на лица без државјанство

И покрај обидите преку националните закони за државјанство и со спроведување на Конвенцијата за избегнување на апатридност од 1961 година и примена на останати меѓународни инструменти да се намали појавата апатридност, UNHCR проценува дека денес во делови од светот живеат милиони лица без државјанство. Конвенцијата на ОН за правната положба на лица без државјанство од 1954 година, опишува кое е лице без државјанство, промовира стекнување на правен идентите за тие лица и им овозможува уживање на основните права и слободи без дискриминација.

Конвенцијата од 1954 година, лицето без државјанство го опишува како „лице кое ниту една држава не го смета за свој полноправен граѓанин (член 1)“. Ова е исклучиво правна дефиниција со која се упатува на квалитет, начин на доделување или пристапување кон државјанство. Дефиницијата се однесува на делување на законите со кои државното законодавство автоматски одредува кој има државјанство. Од наведеното следува дека лицето, за признавање на статусот „апатрид“ мора да го докаже негативното, дека тој/таа нема никаква правна врска со било која постоечка држава.

Во обидите за утврдување на постоење доказ за апатридност, државите би требало да го преиспитаат постоечкото законодавство за државјанство на оние држави со кои поединецот има претходна врска (каде е роден, претходно место на живеење, држава според државјанството на брачниот другар или деца, односно држава на државјанството на родителите или баба/дедо), да се советуваат со тие држави, ако се покаже за потребно, од нив да се бара доказ.

Документите на надлежното државно тело кои потврдуваат дека лицето за кое се работи не е државјанин на таа држава обично се сметаат за веродостоен доказ за апартидност. Надлежните власти на држават од која потекнува или државата на последен престој, можат да одбијат издавање на службени документи во кои би било

наведено дека поединецот не е нивни државјанин или едноставно можат да не одговорат на барањето. Некои државни тела можат да се сметаат ненадлежни за утврдување на лица кои немаат правна врска со државата.

Можно е, значи, да се претпостави ако одредена држава одбие да потврди дека лицето е нејзин државјанин, самото одбивање да претставува некој вид доказ. Да не е така, државата би пружила дипломатска заштита на своите државјани.

4.5 Двојно државјанство

Двојното државјанство е состојба на лица кои две држави по своите закони ги сметаа за свои државјани. Настанува кога некое лице со раѓање стекнува две државјанства (на пример ќе се роди во држава која го применува начелото ius soli, а од родители од држава која му признава државјанство ius sanguinis) или кога некое лице дополнително ќе стекне ново државјанство, без да го изгуби дотогашното.

Од друга страна, за посебен случај на двојно државјанство се лица кои имаат и државјанство на Европската унија. Во Европската унија која има наддржавни својства и во кои се спроведува интеграција на државите членки, секој државјанин на една од членките станува воедно и државјанин на Унијата. При тоа, во Договорот од Мастрихт се прави темелна разлика, па припадноста на државата членка се нарекува „државјанство“, а заедничката припадност на унијата „граѓанство“.

Во овој случај разликата е и содржајна бидејќи „граѓаните“ на Унијата на цело нејзино подрачје имаат само права и обврски кои им ги дава Договорот од Мастрихт, а секој државјанин и понатаму има во својата држава вкупност на права и обврски кои ги врзуваат државите и нејзините припадници.

Процесот на добивање на двојно државјанство во Европската унија не е баш едноставен, но пак и не е толку бирократски колку што би се очекувало. Неколку упатства за стекнување на двојно државјанство се следниве:

- Да се одлучи на кој начин сакаат да стекнат двојно државјанство. Може да се стекне со брак или натурализација

- Да се научи што повеќе за земјата во која сака некој да стекне двојно државјанство. Да се праша владиниот конзулат за одредени потреби за натурализација. Многу влади бараат течно знаење на нивниот јазик, познавање национална историја и одреден период престој во таа држава
- Да се провери дали дозволува добивање на двојно државјанство во земјата од која тоа се бара. Германија, Белгија и Чешка, ретко тоа го дозволуваат, додека некои други земји како Франција и Италија тоа го прават често
- Да се соберат пари. Додека многу земји имаат минимални барања во однос на плаќање, стекнување државјанство во одредени земји претходи плаќање на значаен паричен износ
- Лицето да се подготви за чекање. Во некои земји, посебно во оние со строги барања за двојно државјанство, процесот на стекнување на државјанство може да трае со години, а не треба да се занемари и факторот среќа.

Глава 5- Државјанства на други држави

5.1 Државјанство на Република Србија

Во Република Србија, прашањата поврзани со државјанството на граѓаните се регулирани со Законот за државјанство на Република Србија (2004). Евиденцијата за граѓаните на Република Србија ја води управниот орган одговорен за водење на регистри, а евиденцијата се води во матичните книги на родени.

Надлежен орган за добивање државјанство во Србија е Министерството за внатрешни работи. Во странство, барањата се доставуваат до надлежната амбасада или конзулат до Министерството за надворешни работи.

Српското државјанство се стекнува на еден од следниве начини:

-потекло;

-со раѓање на територијата на Република Србија;

-прием;

-според меѓународни договори.

-Законот за државјанство на Република Српска[22] („Службен весник на РС“, бр. 17 / 00,64 / 05,58 / 09,18 / 10) ги регулира начинот, условите и постапката за стекнување и престанок на државјанството на Република Српска. Државјанството на РС се стекнува: по потекло, раѓање на територијата на РС ,прием на граѓани на Федерацијата БиХ на државјанство на РС, посвојување, натурализација и преку меѓународен договор.

Одлуката за стекнување и престанок на државјанството на РС ја донесува Министерството за администрација и локална самоуправа на РС. Државјанството на РС се докажува со потврда за државјанство или пасош. Законот за државјанство на БиХ пропишува дека сите граѓани на БиХ кои го губат државјанството на еден од субјектите и не стекнат државјанство на другиот субјект, со тоа го губат државјанството на БиХ. Сите граѓани на Република Српска и Федерацијата на БиХ, исто така, добиваат државјанство на БиХ.

[22] Državljanstvo : s naročitim obzirom na pravo FNRJ
Blagojević, Borislav T.

- Државјанство по потекло

Државјанството на Република Србија по потекло го стекнува дете:

1) чии двајцата родители се државјани на Република Србија за време на неговото раѓање;

2) чиј еден од родителите за време на неговото раѓање е државјанин на Република Србија и детето е родено на територијата на Република Србија;

3) роден во странство, од кои едниот родител е државјанин на Република Србија за време на неговото раѓање, а другиот е со непознато или непознато државјанство или без државјанство.

-Државјанството на Република Србија потекнува од дете родено во странство, од кои едниот родител е државјанин на Република Србија за време на неговото раѓање, а другиот е странски државјанин, ако родителот кој е државјанин на Република Србија го регистрира тоа пред да наполни 18 години во надлежното дипломатско-конзуларно претставништво на Србија како државјанин на Република Србија и доколку поднесе барање за регистрација на дете во регистарот на граѓани до надлежниот орган во Република Србија. Ако детето е под старателство, апликацијата и барањето ги доставува старателот.

Дете родено во странство, чијшто родител е државјанин на Република Србија за време на неговото раѓање, се стекнува со државјанство на Република Србија по потекло, доколку остане без државјанство, дури и ако не се исполнети условите од ставот 1 на овој член.

Ако детето е постаро од 14 години, за стекнување државјанство во смисла на став. 1 и 2 на овој член, потребна е и негова согласност.

Лице постаро од 18 години родено во странство, чиј едниот родител бил државјанин на Република Србија за време на неговото раѓање, а другиот странски државјанин го стекнува државјанството на Република Србија по потекло, доколку поднесе барање за регистрација до надлежниот орган во Република Србија. , под услов

да не го стекнал државјанството на Република Србија на начинот предвиден во член 9 став 1 од овој закон.

Под услови на чл. 7 до 10 на овој закон, државјанството на Република Србија се стекнува со потеклото на посвоениот посвоител, односно посвоеното лице без државјанство, во случај на целосно посвојување.

Барањето за упис на посвоеникот од ставот 1 на овој член во регистарот на граѓани го поднесува посвоителот - државјанин на Република Србија.

